**САМОСТОЕН СИНДИКАТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, НАУКА И КУЛТУРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**-Собрание на Синдикалниот фонд на СОНК-**

# П Р А В И Л Н И К

**за користење парични средства од Синдикалниот фонд на СОНК**

Архивски број: 08-20/1
Датум: 21.03.2024 година

Врз основа на член 75 од Статутот на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија - СОНК, на ден 21.03.2024 година, Собранието на Синдикалниот фонд на СОНК донесе

# П Р А В И Л Н И К
**за користење парични средства од Синдикалниот фонд на СОНК**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

(1) Со овој Правилник се уредуваат начинот на финансирање и изворите на средства на Синдикалниот фонд на СОНК (во натамошниот текст: Фонд), како и основите и постапката за остварување на правата на корисниците на Фондот.
(2) Фондот нема својство на правно лице.

## КОРИСНИЦИ НА ФОНДОТ

Член 2

(1) Овој Правилник важи и непосредно се применува за членовите на СОНК од синдикалните организации кои се членки на Фондот (во натамошниот текст: Корисници на Фондот).
(2) Членка на Фондот може да биде синдикална организација на СОНК, која ќе донесе Одлука за членување во Синдикалниот фонд на СОНК, со мнозинство гласови од присутните членови.
(3) Индивидуално зачленување во Фондот не е дозволено.

## ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА

Член 3

(1) Фондот се финансира од следните извори:
- средства во висина од 0,40%, издвоени од нето платата на членовите на СОНК, од оние синдикални организации кои се членки на Фондот;
- спонзорства и донации и
- други приходи.

(2) Висината на членарината, што се уплаќа во Фондот, ја утврдува Собранието на Фондот со посебна Одлука.

Член 4

(1) Средствата од член 3, став 1, алинеја 1 од овој Правилник се уплаќаат на сметката на Синдикалниот фонд на СОНК 270-0000020269-93, даночен број 4030994240332, депонент Халкбанка – Скопје.
(2) Уплаќањето на средствата од ставот (1) на овој член, се врши на ниво на синдикална организација на СОНК, а не поединечно.

## II. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

## ОСНОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД ФОНДОТ

Член 5

(1) Средствата од Фондот може да се користат за следните основи:

1. бескаматен кредит
2. склучување на брак
3. новороденче
4. прваче
5. школување на студенти, надвор од местото на живеење
6. повреда на работа
7. континуирано подолготрајно боледување и медицинска рехабилитација
8. лекување, односно набавка на лекови и медицински помагала
9. инвалидска пензија
10. старосна пензија
11. материјална штета од пожар/поплава во домот на живеење
12. смрт на член на СОНК

(2) Основите од ставот (1) на овој член меѓусебно не се исклучуваат.

Член 6

Висината на износот на средствата за парична помош, за основите утврдени во член 5 од овој Правилник, ја утврдува Собранието на Фондот, по предлог на Управниот одбор на Фондот.

Член 7

(1) Висината на основата за пресметка на неповратна парична помош (во натамошниот текст: основица), ја утврдува Собранието на Фондот, по предлог на Управниот одбор на Фондот.
(2) Неповратната парична помош се исплаќа во процентуален износ од основицата.
(3) Исклучок од ставот (2) на овој член се основите: лекување, односно набавка на лекови и медицински помагала и материјална штета од пожар/поплава во домот на живеење.

### 1. Право на парична помош по основ на бескаматен кредит

Член 8

(1) За користење на правото на парична помош по основ на бескаматен кредит, се поднесуваат следните документи:

- Барање, Мислење и Одлука (Обрасци: СОНК-3, СОНК-4 и СОНК-5);
- Договор во два примерока (Образец СОНК-6);
- Менично покритие (една меница од 100 денари или две меници од 10 денари, идентично пополнети);
- Фотокопија од лична карта на барателот;
- Фотокопија од лична карта на жирантите и
- Изјава за согласност за обработка на лични податоци, од барателот на кредитот и од жирантите.

(2) Корисникот на Фондот има право на користење на кредит еднаш во календарската година.
(3) Враќањето на кредитот може да се врши најмногу до 10 еднакви рати, почнувајќи од првиот нареден месец по добивање на кредитот. Доколку корисникот на бескаматниот кредит не ги враќа редовно ратите, СОНК има право да преземе правни дејствија за наплата на истите.
(4) Корисникот на Фондот има право да поднесе Барање за бескаматен кредит и за помал износ од оној што е максимално утврден.
(5) Бескаматните кредити се доделуваат врз основа на бројот на членови во одредена синдикална организација на СОНК, според следните критериуми:

- синдикална организација до 25 членови .................................................. 3 кредити
- синдикална организација од 26 до 50 членови .......................................... 4 кредити
- синдикална организација 51 до 75 членови ............................................... 5 кредити
- синдикална организација од 76 до 100 членови ........................................ 6 кредити
- синдикална организација од 101 до 120 членови ...................................... 7 кредити
- синдикална организација над 120 членови ................................................ 8 кредити

(6) Доколку во една синдикална организација, во исто време, кредит побараат повеќе од предвидениот број членови, тогаш претседателот на синдикалната организација изготвува приоритетна листа.
(7) Секоја синдикална организација има право на повторно побарување на бескаматен кредит на секои 3 месеци.
(8) Исклучок од ставот (7) на овој член се синдикалните организации кои бројат над 120 членови, кои имаат право на повторно побарување на бескаматен кредит и на 2 месеци, а во рамките на можностите на Фондот.

### 2. Право на парична помош по основ на склучување брак

Член 9

(1) За користење на правото на парична помош по основ на склучување брак, се поднесуваат следните документи:

- Барање, Мислење и Одлука (Обрасци: СОНК-3, СОНК-4 и СОНК-5);
- Извод од матична книга на венчани;
- Фотокопија од лична карта на барателот и
- Изјава за согласност за обработка на лични податоци од барателот.

(2) Паричната помош од ставот (1) на овој член се исплаќа еднократно, во висина на една основица на Фондот.
(3) Рокот за поднесување на документите за парична помош по овој основ е 60 дена од денот на склучување на бракот.

### 3. Право на парична помош по основ на новороденче

Член 10

(1) За остварување на правото на парична помош по основ на новороденче се поднесуваат следните документи:

- Барање, Мислење и Одлука (Обрасци: СОНК-3, СОНК-4 и СОНК-5);
- Извод од матична книга на родените за новороденчето;
- Фотокопија од лична карта на барателот и

- Изјава за согласност за обработка на лични податоци од барателот.

(2) Паричната помош од ставот (1) на овој член се исплаќа за секое новородено дете, еднократно во висина од 50% од основицата на Фондот.

(3) Рокот за поднесување на документите за парична помош по овој основ е 60 дена, од денот на раѓање на новороденчето.

## 4. Право на парична помош по основ на прваче

Член 11

(1) За остварување на правото на парична помош по основ на прваче се поднесуваат следните документи:

- Барање, Мислење и Одлука (Обрасци: СОНК-3, СОНК-4 и СОНК-5);
- Извод од матична книга на родените за првачето;
- Потврда од училиштето за запишување во прво одделение;
- Фотокопија од лична карта на барателот и
- Изјава за согласност за обработка на лични податоци од барателот.

(2) Паричната помош од ставот (1) на овој член се исплаќа за секое запишано дете во прво одделение, еднократно во висина од 50% од основицата на Фондот.

(3) Рокот за поднесување на документите за парична помош по овој основ е 60 дена од првиот училишен ден.

## 5. Право на парична помош по основ на школување на студенти надвор од местото на живеење

Член 12

(1) За остварување на правото на парична помош по основ на школување на студенти надвор од местото на живеење се поднесуваат следните документи:

- Барање, Мислење и Одлука (Обрасци: СОНК-3, СОНК-4 и СОНК-5);
- Извод од матична книга на родените за студентот;
- Потврда од факултет за редовен студент и за запишан зимски семестар;
- Индекс на увид (потребно е да се положени сите испити од претходната година - овој услов не важи за студентите од прва студиска година);
- Фотокопија од лична карта на барателот;
- Изјава за согласност за обработка на лични податоци од барателот и
- Изјава за согласност за обработка на лични податоци од студентот.

(2) Паричната помош од ставот (1) на овој член се исплаќа за секое дете - студент, кое се школува во Република Македонија, со оддалеченост над 35 км од местото на живеење, за секоја студиска година, еднократно во висина од 50% од основицата на Фондот.

(3) За оваа парична помош може да аплицираат студенти од прва до петта година (вкупно 10 семестри, модел на студирање 3+2 или 4+1).

(4) Паричната помош се однесува само на редовни студенти, за период најмногу до 5 години студии.

(5) Барањата за добивање на еднократна парична помош по овој основ, се доставуваат до 31 октомври, за студентите кои запишуваат прв семестар во прва студиска година. За студентите, кои запишуваат зимски семестар во останатите студиски години, рокот на пријавување е до крајот на месец февруари.

(6) Паричната помош по овој основ не им следува на: вонредни студенти, студенти кои студираат во странство, студенти кои годината ја запишуваат по втор пат и студенти кои условно запишуваат зимски семестар, односно немаат ликвидирано претходна година.

**6. Право на парична помош по основ на повреда на работа**

Член 13

(1) За остварување на правото на парична помош по основ на повреда на работа се поднесуваат следните документи:

- Барање, Мислење и Одлука (Обрасци: СОНК-3, СОНК-4 и СОНК-5);
- Пријава за повреда на работа - образец ЕТ-8 и
- Изјава за согласност за обработка на лични податоци од барателот.

(2) Паричната помош од ставот (1) на овој член се исплаќа еднократно во висина од 50% од основицата на Фондот.

(3) Рокот за поднесување на документите за парична помош по овој основ е 60 дена од денот на повредата.

(4) Исклучок од ставот (3) на овој член претставува повредата на работа која е причина за подолготрајно боледување и во тој случај крајниот рок за поднесување на документите е 60 дена од денот на завршување на боледувањето.

**7. Право на парична помош по основ на**
**континуирано подолготрајно боледување и медицинска рехабилитација**

Член 14

(1) За користење на правото на парична помош по основ на континуирано подолготрајно боледување и медицинска рехабилитација, се поднесуваат следните документи:

- Барање, Мислење и Одлука (Обрасци: СОНК-3, СОНК-4 и СОНК-5);
- Оценка за привремена спреченост за работа (боледување) од лекарска комисија на Фондот за здравство и
- Изјава за согласност за обработка на лични податоци од барателот.

(2) Висината на паричната помош од ставот (1) на овој член се утврдува во зависност од должината на боледувањето и тоа:

- од 60 - 90 дена – 75% од утврдената основица на Фондот;
- од 91 - 120 дена – 100 % од утврдената основица на Фондот и
- над 120 дена – 125% од утврдената основица на Фондот.

(3) Корисникот на Фондот, правото по овој основ, може да го оствари во случај на:

- континуирано подолготрајно боледување и медицинска рехабилитација;
- нега на дете или друго лице и
- патолошка бременост.

(4) Рокот за поднесување на документите за парична помош по овој основ е 60 дена од денот на завршување на боледувањето.

## 8. Право на парична помош по основ на лекување, набавка на лекови и медицински помагала

Член 15

(1) Во случај на болест, за која е потребно лекување, набавка на лекови и медицински помагала, Корисникот на Фондот има право на парична помош во висина од 30% од износот на трошоците.

(2) За остварување на правото од ставот (1) на овој член, минималниот износ на направените трошоци треба да биде 250 евра (во денарска противвредност).

(3) Минималниот износ на паричната помош, што барателот може да го добие по овој основ, изнесува 75 евра (во денарска противвредност), а максималниот износ неможе да надмине 1.000 евра (во денарска противвредност).

(4) Пресметката се врши по среден курс на НБРМ, на денот на исплатата.

(5) Правото по овој основ може да се оствари за лекување во државни здравствени установи во Република Македонија, како и за лекување во приватни здравствени установи во Република Македонија, за оние интервенции за кои приватната здравствена установа има склучено договор со Фондот за здравствено осигурување.

(6) Лекувањата во приватните здравствени установи во Република Македонија, за оние интервенции за кои приватната здравствена установа нема склучено договор со Фондот за здравствено осигурување, се признаваат само за малигните заболувања.

(7) За остварување на правото на парична помош по основ на лекување, набавка на лекови и медицински помагала во Република Македонија, треба да се достават следните документи:

- Барање, Мислење и Одлука (Обрасци: СОНК-3, СОНК-4 и СОНК-5);
- Медицински извештај со наведена дијагноза;
- Препишана терапија од специјалист;
- Фискални сметки за лекувањето, набавка на лекови и медицински помагала и
- Изјава за согласност за обработка на лични податоци од барателот.

(8) Фондот ја признава само онаа терапија која е препишана од специјалист.

(9) За остварување на правото на парична помош по основ на лекување, набавка на лекови и медицински помагала во странство, треба да се достават следните документи:

- Барање, Мислење и Одлука (Обрасци: СОНК-3, СОНК-4 и СОНК-5);
- Медицински извештај со наведена дијагноза;
- Препишана терапија од специјалист;
- Потврда за дефицитарност на лекот/медицинското помагало во Република Македонија;
- Фискална сметка за купени лекови/медицински помагала или направена интервенција;
- Решение за лекување во странство од Комисија од Фондот за здравствено осигурување (Синдикалниот Фонд ги признава оние трошоци кои не се покриени од Фондот за здравствено осигурување и барателот ги покрива од сопствени средства - за лекување во странство преку ФЗО);
- Медицинска потврда од доктор, специјалист од здравствена установа од Република Македонија, дека тој вид на лекување не се изведува во нашата земја (за лекување во странство на свој трошок) и
- Изјава за согласност за обработка на лични податоци од барателот.

(10) Барателот има право на парична помош по основ на набавка на лекови при ин витро оплодување, но доколку истото е на товар на Фондот за здравствено осигурување. Трошоците по овој основ се признавааат само за оние лекови, кои се препишани како задолжителна терапија, додека пак витамините не спаѓаат во трошоци кои Фондот ги зема предвид.
(11) Трошоците за лекување, набавка на лекови и медицински помагала треба да се однесуваат за тековната календарска година (01.01.xxxx - 31.12.xxxx), а крајниот рок за аплицирање по овој основ е последниот ден од месец февруари наредната година.

## 9.Право на парична помош по основ на инвалидска пензија

Член 16

(1) За остварување на правото на парична помош по основ на инвалидска пензија се поднесуваат следните документи:

- Барање, Мислење и Одлука (Обрасци: СОНК-3, СОНК-4 и СОНК-5);
- Решение за инвалидска пензија од Фондот на пензиско и инвалидско осигурување
- Изјава за согласност за обработка на лични податоци од барателот.

(2) Паричната помош од ставот (1) на овој член се исплаќа еднократно, во износ на една основица на Фондот.
(3) Рокот за поднесување на документите по овој основ е 60 дена од денот на добивање на Решението за инвалидска пензија од Фондот за пензиското и инвалидското осигурување.

## 10.Право на парична помош по основ на старосна пензија

Член 17

(1) За остварување на правото на парична помош по основ на старосна пензија се поднесуваат следните документи:

- Барање, Мислење и Одлука (Обрасци: СОНК-3, СОНК-4 и СОНК-5);
- Решение за старосна пензија од Фондот на пензиско и инвалидско осигурување;
- Изјава за пензионирање (пополнува претседателот на синдикалната организација) и
- Изјава за согласност за обработка на лични податоци од барателот.

(2) Право на парична помош по овој основ има Корисникот на Фондот, кој членувал во Фондот, непрекинато во последните 10 (десет) години, пред остварување на правото на старосна пензија.
(3) Паричната помош од ставот (1) на овој член се исплаќа еднократно, во висина од 50% од основицата на Фондот.
(4) Рокот за поднесување на документите по овој основ е 60 дена од денот на добивање на Решението за старосна пензија од Фондот за пензиското и инвалидското осигурување.

## 11.Право на парична помош по основ на материјална штета од пожар/поплава во домот на живеење

Член 18

(1) За остварување на правото на парична помош по основ на материјална штета од пожар/поплава во домот на живеење се поднесуваат следните документи:

- Барање, Мислење и Одлука (Обрасци: СОНК-3, СОНК-4 и СОНК-5);
- Записник од Комисија за процена на штета;
- Доказ за сопственост на оштетениот објект;
- Доказ за сродство на барателот и сопственикот на оштетениот објект (доколку барателот не е сопственик на оштетениот објект);
- Фотокопија од лична карта на барателот и
- Изјава за согласност за обработка на лични податоци од барателот.

(2) Висината на паричната помош од ставот (1) на овој член се исплаќа еднократно, во зависност од висината на проценетата штета и тоа:

- до 5 просечни плати – во висина од две основици на Фондот;
- од 6 до 15 просечни плати – во висина од четири основици на Фондот;
- од 16 – 25 просечни плати – во висина од шест основици на Фондот и
- над 25 просечни плати – во висина од осум основици на Фондот.

(3) Штетата од ставот (2) на овој член ја проценува Комисија од три члена, формирана од претседателот на синдикалната организација на СОНК, за што составува Записник со процена за висината на материјалната штета во паричен износ.

(4) Доказ за сопственост на оштетениот објект претставува имотен лист или купопродажен договор, кој може да биде на име на барателот, на неговиот сопружник или на родителот.

(5) За пожар или поплава, предизвикани од елементарна непогода (масовна или поради воени дејствија), не се исплаќа парична помош.

(6) Рокот за поднесување на документите за парична помош по овој основ е 60 дена од денот на настанување на штетата.

## 12.Право на парична помош по основ на смрт на член на СОНК

Член 19

(1) Во случај на смрт на член на СОНК, потребно е да се поднесат следните документи:

- Барање, Мислење и Одлука (Обрасци: СОНК-3, СОНК-4 и СОНК-5) и
- Извод од матична книга на умрените за починатиот.

(2) Паричната помош од ставот (1) на овој член се исплаќа еднократно, во износ на една основица на Фондот.

(3) Рокот за поднесување на документите по овој основ е 60 дена од денот на настанување на смртта.

## ПОСТАПКА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ ПРАВО НА ПАРИЧНА ПОМОШ

Член 20

(1) Корисникот на Фондот, има право да поднесе Барање за остварување право на парична помош, за основите утврдени во овој Правилник, а во случај на смрт на член на СОНК, Барање поднесува член на неговото потесно семејство.
(2) По Барањето од ставот (1) на овој член, одлучува Претседателот на СОНК.
(3) Доколку барателот е незадоволен од донесената одлука од ставот (2) на овој член, има право на приговор до Управниот одбор на Фондот, во рок од 15 дена од денот на приемот на Одлуката.
(4) Одлука на Управниот одбор на Фондот е конечна.

Член 21

(1) Барањето за остварување на правото на парична помош се смета за застарено, доколку биде доставено по изминување на предвидениот рок за поднесување на истото.
(2) За секој основ поединечно, Корисникот на Фондот може да добие парична помош еднаш во текот на календарската година.

## III. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 22

За работата на Фондот, Надзорниот Одбор секоја година поднесува Извештај за финансиското работење пред Управниот Одбор и Собранието на Фондот.

Член 23

Стручните и административно-техничките работи на Фондот ги води Стручната служба на СОНК.

Член 24

Измени и дополнувања на овој Правилник врши Собранието на Фондот.

Член 25

Правилникот влегува во сила со денот на неговото донесување.

Член 26

Со стапувањето на сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот на Синдикалниот фонд на СОНК од 27.05.2021 година, како и сите негови измени и дополнувања.

**Претседател**
**Јаким Неделков с.р.**